## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Петнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 јули 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,18 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Петнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија. Пратениците: Стојан Андов, Тито Петковски, Горан Мисовски, Соња Мираковска, Лилјана Поповска, Андреј Жерновски, Роза Топузова-Каревска, Ристо Пенов, Јован Манасијевски, Ѓорѓи Оровчанец, Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Гркова Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Горан Сугарески, Емилијан Станковиќ, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски, Радмила Шекеринска, Хисен Џемаили и Љубисав Иванов Ѕинго, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, господин Бранко Црвенковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесат Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист, и одземени предмети во кривича и прекршочна постапка и Законот за судска служба.

Предлозите на законите ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи двата предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор Михајло Маневски, министер за правда.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе.

Предлогот за донесување на законот за управување со конфискуван имот и предмети одземени во кривична постапка се наоѓа скоро една година во Собранието и е влезен во собраниска процедура. Истото се однесува и за Законот за суската служба. Мислам дека со првиот закон кој ги уредува прашањата за постапувањето со конфискуваниот имот и предметите одземени во кривичната и прекршочната постапка практично се покрива една правна празнина која што сега не е уредена со законите, значи се уредуваат прашањата за управување со конфискуван имот, со удели, со акции со движни и недвижни предмети, се основа Агенција која што тоа ќе го работи, затоа што до сега уште еднаш ќе повторам прашањето беше недоволно регулирано и се создаваа определени потешкотии во извршувањето на судските одлуки за одземените ствари и управувањето со одземените ствари во кривичната и во пракршочна постапка. Тоа е од овој закон.

Вториот закон за судска служба, значи овој закон произлегува како обврска за внесување од Законот за судовите, значи во Законот за судовите е предвидена обврска да се донесе закон за судската служба, бидејќи подолго време овој закон е во Собранието. Со оглед на фактот дека е и овој еден од законите кои што се неопходни во уредувањето на нашето законодавство согласно европските критериуми и согласно европската агенда, значи итноста и за овој закон е нагласена и затоа се предлага и овој закон да се донесе по итна постапка.

**Трајко Вељаноски:** Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник. Сите 61 гласаа за, нема воздржани нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан?(Нема)

Кој е против? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 61 пратеник,сите 61 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за судска служба го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници. Сите 58 гласаа за, нема воздржани нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан?(Нема)

Кој е против? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 58 пратеници,сите 58 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата во моментот на гласањето беа присутни 62 пратеника.

Гласањето е полноважно.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закони да се донесе по итна постапка.

Има збор Трајко Славески министер за финансии.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседателе.

Со предлогот на овој закон кој Владата бара да се донесе по итна постапка целта е итно воспоставување на едношалтерски систем за увоз и извоз и контрола при единствено застанување. Ова се препораки на Светска банка, особено во публикацијата за водење на бизнис за 2008 година, позната како ДУИНГ бизнис. Овие институции ќе придонесат за подобрување на деловната клима во Република Македонија. Со ова е запозната и Деловната заедница. Едношалтерскиот систем таа го прифаќа како модерна алатка со која ќе се намалува бирократијата, а ќе се зголемува ефикасноста на постапките. И од користењето на овој систем е започнато, а со заокружување на правната рамка што треба да се направи со овие измени на законот ќе се создадат сите предуслови за официјално ставање во функција на овој систем.

**Трајко Вељаноски:** Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника. Сите 62 гласаа за, нема воздржани нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан?(Нема)

Кој е против? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 62 пратеника, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Законот за учебници за основно и средно образование.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закони да се донесе по итна постапка.

Има збор Живко Јанкулоски, вицепремиер.

**Живко Јанкуловски:** Благодарам претседателе.

При изготвување на овој предлог се тргна од досегашните искуства во начинот на издавање на учебници во основното и средното образование кое мораме да признаеме дека во минатиот период покажа многу слабости. Со прецизно определување на надлежностите на педагошката служба и формирањето на Националната комисија за учебници ќе се надминат многу состојби во оваа област кои досега не беа регулирани, односно дозволуваа различно толкување од учесниците во постапката.

Од овие причини е создадена неминовна потреба за донесување на овој закон. Заради тоа Министерството за образование и наука изготви и на Владата на Република Македонија и достави предлог за донесување по итна постапка на Законот за учебниците во основното и средното образование.

**Трајко Вељаноски:** Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за учебници за основно и средно образование го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници. Сите 65 гласаа за, нема воздржани нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан?(Нема)

Кој е против? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 65 пратеника, сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за одбрана.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закони да се донесе по итна постапка.

Има збор Лазар Еленовски, министер за одбрана.

**Лазар Еленовски:** Благодарам претседателе.

Се работи исто така за закон кој што е повеќе месеци во собраниска процедура. Станува збор за усогласување на законската регулатива на Република Македонија со земјите членки на НАТО, посебно во делот што е многу битен во поглед на колективната самоодбрана, имајќи предвид дека патот на Македонија кон НАТО продолжува со новиот циклус на акциониот план за членство за 2008 и 2009 година и подготовка

на годишна национална програма која што треба да се достави до НАТО до 5 септември о.г. Предлагам Предлог законот да се донесе по итна постапка.

**Трајко Вељаноски:** Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за одбрана го ставам на гласање.

Во повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржани нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан?(Нема)

Кој е против? (Никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 67 пратеника, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Според тоа за седницата го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на потпретседателите на Собранието на Република Македонија;

2. Предлог на закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка;

3. Предлог на закон за судска служба;

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за подтоците во електронски облик и електронски потпис;

5. Предлог ан ззакон за учебници во основно и средно обрзование;

6. Предлог на закон за изменување на Законот за одбрана.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

Ги повикувам пратениците кои имаат предлози за изменување или дополнување на дненвиот ред да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, сите 62 гласаа за, нема воздржани немам против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан?(Нема)

Кој е против? (Никој)

По предложениот дневен ред вкупно гласаа 62 пратеника, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да преминеме на расправа по точките од дневниот ред, ве потсетувам дека согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

Листата на пратениците не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено, ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот може да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

**Минуваме на точката 1. - Предлог на одлука за изменување на одлуката за утврдување на бројот на потпретседателите на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на одлуката со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има некој против? (Нема)

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

По предлогот на одлуката вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Консттирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на потпретседателите на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 2. - Предлог на закон за управување со конфискуван имот имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Томе Даневски и Амди Бајрам поднесоа амандман на член 34 за менување на став 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 34 за менување на став 2 поднесен од пратениците Томе Даневски и Амди Бајрам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Михајло Маневски, министер за правда.

**Михајло Маневски:** Благодарам претседастеле.

Владата го прифаќа овој амандман на пратеникот Томе Даневски кон кој се приклучува и пратеникот Амди Бајрам. Би молел заради правно техничко уредување амандманот да гласи: “продажба на одземените предмети се објавува најмалку 7 дена пред одржувањето на јавното надавање најмалку во еден дневен весник, како и на интернет страница на Агенцијата каде што ќе се презентира и листа со детален опис на предметите што се продаваат. Мислам дека е тоа една иста содржина на амандманот. Амандманот е во функција на транспарентноста со објавувањето на продажбата на стварите одземени во кривичната или во прекршочната постапка. Но, во дикцијата на ставот 2 од членот 34 би било подобро ако пратениците ја прифатат да гласи така како што јас ја прочитав.

**Трајко Вељаноски:** Вие го прифаќате амандманот со одредена преформулација. За тоа треба да се произнесе предлагачот, па потоа да гласаат пратениците.

Господинот Томе Даневски да се произнесе дали ја прифаќа преформулацијата на амандманот.

**Томе Даневски:** Благодарам почитуван претседателе.

Јас сметам дека формулацијата искажана од страна на министерот е во функција на овој амандман и се заблагодарувам за прифаќањето.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Консатирам дека е прифатен амандманот согласно преформулацијата што е направена од министерот за правда и е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се јави министерот за правда, повелете министре.

**Михајло Маневски:** Претседателе, како што напоменав при образлагањето на итноста за донесувањето на овој закон, овој закон долго време беше во Собранието, меѓутоа Министерството за правда за цело време работеше на подготвувањето на Пртедлогот на законот, со тоа што се извршија бројни консултации и се користеа странски искуства, меѓу кои се користеа и искуствата на маршовска служба на САД чии претставници ја посетија Република Македонија и најдиректно учествуваа и дадоа придонес во обликувањето на одредбите од овој закон. Значи, практично со овој закон се уредува една правна празнина во системот, заради тоа што сега во вooј закон на едно место се ставаат сите прашања што се однесуваат на управувањето со конфискуваниот имот и предметите одземени во кривичната и прекршочната постапка. Значи, со законот се основа Агенција за управување со одземениот имот и органи кои што се во делокругот на таа Агенција, од директорот на Агенцијата и нејзините овластувања што се однесуваат, што се содржани во законот. Практично, во законот се уредуваат прашањата за постапувањето со различен вид на имот, имот кој што е движен, имот кој што е недвижен, имот кој што е ресно расиплив, имот кој што се однесува во удели и акции, имот конфискуван во кривичната постапка и т.н., што значи се уредува еден цел комплекс на прашања за кои што сметаме дека законот ги задоволува критериумите и мислам дека законо така како што е предложен, предлагам Собранието да го усвои. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Бајрам Амди, повелете.

**Амди Бајрам:** Јас му се заблагодарувам на министерот што амандманот го прифати и мислам дека овој амандман многу е добро што го прифати, затоа што во јавноста треба да се знае се, сите одземени предмети, како и тоа кога и како ќе бидат продавани, за да има еден увид во државата. Стои амандманот во суштината и го прифаќам. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Трајанов Павле, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас само накусо, мислам дека и министерот за правда ги кажа причините за донесувањето или потребата за донесувањето на еден ваков закон, бидејки на овој начин ќе се обезбедат поголеми можности за располагање или управување со конфискуваниот имот односно ќе се обезбеди напоедноставен начин средствата што се одземаат по завршени судски постапки да се влеваат во Буџетот.

Јас само сакам да укажам на една работа која што беше содржана во претходниот Предлог на закон, а тоа е како и на кој начин ќе се користат овие средства. Имаше во стариот Закон еден член, средствата добиени од продажба и т.н. дека ќе се распоредуваат по неколку ставки врзани за Буџетот, Јавно обвинителство, Дирекција и т.н., но оваа законска одредба сега е изоставена од овој Предлог на закон, бидејки во таа расправа тогаш јас меѓу другото предлагав

дел од овие средства да бидат наменети за финансирање на социјални програми. Мислам дека треба ова прашање повторно да биде разгледано и најверојатно во една од наредните прилики на промена мислам дека тука е местото да се предвидат дел од средствата, поготова од криминалната приватизација, што сега во разни постапки се отвораат, повторно се враќа тој имот како имот на државата. Добро е дел од тие средства, од конфискуванио тимот да бидат наменети за социјални програми. Но, поради тоа што сега нема таква одредба и зато ане предложив амандман, а можеби треба да се размисли бидејки во сите држави средствата кои што потекнуваат од организиран криминал и ги конфискува државата тие се наменуваат токму за социјални програми. Затоа што, сите оние што настрадаа во неправедната и криминална приватизација, сега имаат право, а останаа на улица, имаат право дел од тие средства да им се вратат преку социјални програми. Инаку, во основа мислам дека законот е добар и дека ќе придонесе за многу побрзо обезбедување на овие средства и внесување во Буџетот на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници од Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот, со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за управување со конфискуван имот, имот на корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

**Минуваме на точка 3 - Предлог на закон за судска служба.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се јави министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе,

Како претходниот, така и овој закон повеќе од дестина месеци, скоро една година беше во Собранието, меѓутоа не дојде на дневен ред на седница на Собранието во прва фаза како предлог за донесување на закон .

Сакам да ве известам, почитувани пратеници, дека за тоа време Министерството за правда, експертите што го подготвуваа законот одржаа неколку регионални расправи со претставници од судската власт и ги имаапредвид нивните мислења и сугестии кои што се вградени во текстот на законот кој што е денес на седница на Собранието. Сакам да кажам дека за прв пат се донесува ваков закон за судската служба, со тоа што се уредуваат правата, должностите и одговорностите на судската служба. Судската служба, како што се наведува во законот ја сочинуваат судските службеници, лицата вработени во судовите кои вршат технички, помошни работи и судската полиција. Судските службеници како одговорност содржана во начелата на законот, овде е содржано дека се должни да им пружат и да им обезбедат на граѓаните ефикасно и законито остварување на правата утврдено со Уставот и со законите.

Во членот 6 од законот е уредено прашањето на вработувањето во судовите со примена на начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници со почитувањето на критериумите за стручност и компетентност и се уредуваат звањата на судските службеници, со тоа што се определуваат три категориии на судски службеници. Раководни судски службеници, стручни судски службеници и административно-технички судски службеници. Се основа со законот Совет за судска служба кој што е со седиште во Врховниот суд на Република Македонија и кој што се основа заради заштита на правата на судската служба. Понатаму, се уредуваат прашањата за вработувањето на судските службеници, системот на плати и надоместоци на судските службеници, прашањето во врска со надоместоците на плати. Во законот е содржано и значајно место и одговорноста на судските службеници во врска со извршувањето на нивните овластувања. Мислам дека законот ги задоволува критериумите. Овој закон, да повторам уште еднаш, е и дел од обврските што се содржани во законот за судовите, бидејки во Законот за судовите изрично е наведено дека треба да се донесе закон за судска служба и еве тој закон, почитувани пратеници, се наоѓа пред ва. Благодарам на вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, сите 70 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници од Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот, со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 70 пратеници, сите 70 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за судска служба.

**Минуваме на точка 4 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се јави министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе,

Законот за податоци во електронски облик и електронски потпис е донесен цо 2001 година и со овој Закон и подзаконските акти што од него произлегуваат е воспоставена правна рамка за електронска комуникација и размена на податоци и документи. При составувањето на законот и подзаконските акти се транспонираа одредбите од директивата на Европската унија 1999/93 Европска комисија за електронски потпис, а се земаа предвид светските стандарди и најдобри практики во оваа област. Со овој закон се даде солидна правна основа и се овозможи јавниот и приватниот сектор во Република Македонија да ја користат електронската комуникации во голем број на области на нивно делување. На тој начин дејствијата кои традиционално се преземаа во класична хартиена форма со своерачно потпишување на документите се надополнуваат со модерен електронски начин на комуникација и потпишување, што ја има истата правна важност. Сепак, постојат системи во кои како корисници се вклучени повеќе субјекти од различни сектори. Еден таков систем е едношалтерскиот систем за увоз и извоз и контрола при единствено застанување, кој што треба да бидат регулирани со законот.

Владата на Република Македонија во март 2007 година формира работна група со претставници на Царинска управа, Националната комисија за интегрирано гранично управување и Кабинетот на министерот за информатика која изминатиот период работеше на реализација на овој проект. Овој едношалтерски систем кој ќе овозможува поднесување на барања за издавање на дозволи за увоз-извоз, распределба на тарифни квоти, единствена царинска декларација, ќе го користат преку 15 органи на државната управа и огромен број на субјекти од приватниот сектор кои вршат увоз и извоз на стоки.

Ова е само еден од електронските информациски системи кои се достапни на интернет, преку кои ќе се разменуваат податоците и информациите меѓу самите државни органи и меѓу државните органи и деловната заедница.

Со предложените дополнувања на Законот се дава правна основа, воспоставувањето и начинот на користење на ваквите информациски системи кај буџетските корисници кои се користат за обработка на податоци во електронски облик кај електронски потпис, да го уредува Владата на Република Македонија. На тој начин Владата ќе ги воспоставува стандардите кои ќе важат за сите буџетски корисници.

Покрај горе изнесеното со Предлогот се врши усогласување на казнените одредби од овој закон со одредбите од новиот Закон за прекршоци. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници од Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот, со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатиам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за подтаоците во електронски облик и електронски потпис.

Пред да преминеме на точката 5, процедурално побара госпоѓа Бонева Силвана, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе,

Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам до 16,15 часот кратка пауза за подготовка на амандманите за наредниот закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Со оглед на барањето што е од координаторот на пратеничката група, ја прекинувам седницата и продолжуваме со 16,15 часот.

(По паузата седницата продолжи во 16,30 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точка 5 - Предлог на закон за учебници за основно и средно образование.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот X на Уставот на Република Македонија и член 11 став 4 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Цветко Грозданов, Виолета Ташева, Јован Лазаров, Владанка Авировиќ, Васко Шутаров, Марија Андоновска, Соња Гелова-Стојанова, Живко Пејковски и Цена Матевска поднеса амандмани на член 4 став 1, член 2 став 2, и за додавање нов став 3 по ставот 2, член 8 став 2, член 12 став 1, член 14 став 2, член 15 став 2, член 16 став 1, став 2 алинеја 1 и 2 и на став 4, член 18 став 2, член 25 став 1, член 26 за заменување на местата на ставовите 3 и 1, и на став 2 и на член 29, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Васко Шутаров поднесе амандман на член 17 за додавање нова алинеја 12, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1, поднесен од пратениците Цветко Грозданов, Виолета Ташева, Јован Лазаров, Владанка Авировиќ, Васко Шутаров, Марија Андоновска, Соња Гелова-Стојанова, Живко Пејковски и Цена Матевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандман не се прифаќа.

Процедурално се јави господин Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Амандманот го повлекуваме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Цветко Грозданов, Виолета Ташева, Јован Лазаров, Владанка Авировиќ, Васко Шутаров, Марија Андоновска, Соња Гелова-Стојанова, Живко Пејковски и Цена Матевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандман се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 2, поднесен од пратениците Цветко Грозданов, Виолета Ташева, Јован Лазаров, Владанка Авировиќ, Васко Шутаров, Марија Андоновска, Соња Гелова-Стојанова, Живко Пејковски и Цена Матевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандман се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 1, поднесен од пратениците Цветко Грозданов, Виолета Ташева, Јован Лазаров, Владанка Авировиќ, Васко Шутаров, Марија Андоновска, Соња Гелова-Стојанова, Живко Пејковски и Цена Матевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандман се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 2, поднесен од пратениците Цветко Грозданов, Виолета Ташева, Јован Лазаров, Владанка Авировиќ, Васко Шутаров, Марија Андоновска, Соња Гелова-Стојанова, Живко Пејковски и Цена Матевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандман се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 2, поднесен од пратениците Цветко Грозданов, Виолета Ташева, Јован Лазаров, Владанка Авировиќ, Васко Шутаров, Марија Андоновска, Соња Гелова-Стојанова, Живко Пејковски и Цена Матевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандман се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 1, став 2 алинеја 1 и 2 и на став 4, поднесен од пратениците Цветко Грозданов, Виолета Ташева,

Јован Лазаров, Владанка Авировиќ, Васко Шутаров, Марија Андоновска, Соња Гелова-Стојанова, Живко Пејковски и Цена Матевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Овој амандман можеме делумно да го прифатиме, доколку предлагачите се согласат првите два става да бидат избришени, значи да се откажат од првите два става. Ние ќе ги прифатиме останатите два.

Значи, се прифаќа третиот во алинеја 2 по зборовите: “двајца рецензенти”, се додава зборот: “наставници” и во ставот 4 по зборовите: “и обука”, се додаваат зборовите: “центарот за образование на возрасните”.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Значи се прифаќа со преформулирање. Еден од предлагачите да се произнесе дали предлагачот го прифаќа преформулирањето.

Има збор господин Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Во име на предлагачите ја прифаќаме оваа измена која што ја предлага Владата.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека е прифатен амандманот онака како што е преформулиран од страна на вицепремиерот и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 за додавање нова алинеја 12, поднесен од пратеникот Васко Шутаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандман се прифаќа.

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 2, поднесен од пратениците Цветко Грозданов, Виолета Ташева, Јован Лазаров, Владанка Авировиќ, Васко Шутаров, Марија Андоновска, Соња Гелова-Стојанова, Живко Пејковски и Цена Матевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандман се прифаќа.

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 1, поднесен од пратениците Цветко Грозданов, Виолета Ташева, Јован Лазаров, Владанка Авировиќ, Васко Шутаров, Марија Андоновска, Соња Гелова-Стојанова, Живко Пејковски и Цена Матевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандман се прифаќа.

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 за менување на местата на ставовите 3 и 1 и на став 2, поднесен од пратениците Цветко Грозданов, Виолета Ташева, Јован Лазаров, Владанка Авировиќ, Васко Шутаров, Марија Андоновска, Соња Гелова-Стојанова, Живко Пејковски и Цена Матевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандман се прифаќа.

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 29, поднесен од пратениците Цветко Грозданов, Виолета Ташева, Јован Лазаров, Владанка Авировиќ, Васко Шутаров, Марија Андоновска, Соња Гелова-Стојанова, Живко Пејковски и Цена Матевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Со оглед на тоа што амандманите се поднесуваат за овој амандман заради усогласување со постојаната законска регулатива и заради прецизирање на одредбите на овој закон, амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандман се прифаќа.

Амандман се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пред да продолжиме понатаму ми јавија од службите дека има уште еден амандман, се надевам дека за кратко време, за пет минути ќе се подели амандманот и тогаш ќе продолжиме.

Ги молам пратениците да останат на своите места, за да продолжиме на време.

(Пауза)

(По паузата седницата продолжи во 16,51 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Пратениците Цветко Грозданов, Виолета Ташева, Јован Лазарев, Владанка Авировиќ, Соња Гелова-Стојановиќ и Живко Пејковски поднесоа амандман на член 27 ставови 1, 2 и 3 по кои Владата не се произнела.

Отварам претрес по амандманот на член 27 ставови 1, 2 и 3 поднесоа пратениците Цветко

Грозданов, Виолета Ташева, Јован Лазарев, Владанка Авировиќ, Соња Гелова-Стојановиќ и Живко Пејковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе господин Јанкулоски Живко, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкулоски:** Благодарам.

Овој амандман се однесува на усогласување на одредбите од Законот за прекршоци. Може да биде прифатен доколку предлагачот се согласи во првиот став од член 27 да додадеме покрај “основното училиште” и “средното училиште”.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Значи, вие го прифаќате доколку еден од предлагачите се согласи со вашата преформулација. Еден од предлагачите госпоѓата Ташева Виолета во однос на префомулацијата би ве молел да се произнесете, повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам претседателе.

Во името на предлагачите се согласуваме за модификацијата на амандманот, ја прифаќаме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека е усвоен амандманот согласно преформулациајта што е направена од страна на господин Јанкулоски Живко, вице премиер и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот онака како што е префомулирано.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Го повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Јанкулоски Живко, повелете.

**Живко Јанкулоски:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Со Предлогот за донесување на законот за учебниците во основното и средното образование се регулира начинот и постапката на издавање на учебници во основното и средното образование како и органите кои ќе ја водат постапката. Со донесувањето на Законот за учебниците во основното и средното образование се очекува во иднина да се добијат поквалитетни учебници за учениците и со помала цена отколку што сега се плаќа за истите. За водење на постапката за избор на учебник овој закон ја определува педагошакатаљ служба како орган во состав на министерството за образование и наука, но предвидува формирање на ново тело Национална Комисија за учебници како стручНо тело чии членови ги именува и разрешува Владата. Со прецизното определување на надлежностите на педагошката служба и формирањето на Националната комисија за учебници ќе се надминат многу состојби во оваа област кои досега не беа регулирани, односно дозволуваа различно толкување од учесниците во постапката. Се предвидува на конкурсите за учебници да конкурираат автори, а на вторите чии авторски дела ќе бидат оценети како најдобри ќе бидат откупени, а потоа преку определена законска постапка ќе се избере најповолен субјект кој ќе го изврши печатењето со тоа што државата се јавува како издавач на учебниците во основното и средното образование.

Како новина што во секој случај треба да се истакне е тоа што и од оваа учебната, односно наредната учебна година ваквиот приод овозможува со почетокот на 2009, 2010 година сите ученици во јавните основни и средни училишта да добијат бесплатен комплет на учебници за соодветното оддление, или година. Всушност ова е во склад и со Уставот на Република Македонија каде што основното и средно образование е задолжително. На овој начин непосредно се операционализира уставната одредба за бесплатно основно образование, како и одредбата за бесплатно јавно средноо образование согласно Законот за средното образование. Со тоа сметаме дека е исполнет и последниот услов.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор Линдита Ќазими. Повелете.

**Линдита Ќазими:** Почитуван претседател, почИтувани колеги, сакам да истакнам неколку зборови во однос на донесувањето на законот за учебниците за основно и средно образование, поаѓајќи од фактот дека учебниците претставуваат основни средства за наставната работа и се основен извор за знаењето што се однесува на основнот и средното образовасние. Мислам дека еден ваков закон ќе овозможи учениците пред себе да имаат такви учебници кои што ќе бидат во согласност со наставните планови и програм, нешто што ќе влијае врз издигнувањето на ефикасноста на наставната работа во текот на воспитно образовниот процес, затоа што врз основа на досегашната практика може да се забележи дека се воочени многу недостатоци што се однесува на оваа усогласеност нешто што влијаело и врз несоодветното реализирање на наставниот процес. Основањето на националната комисија која што се предвидува со овој закон , комисија за учебниците со членови од високите воспитно образовни институции и установи од сите образовни области се надевам дека на професионален начин ќе си ја врши својата работа и оние надлежности кои што и припаѓаат се со цел учениците да се обезбедат со такви учебници кои што ќе бидат со поквалитетна содржина. Тоа што сакама да го истаканам во врска со овој закон е тоа што е во членот 6 каде што се вели дека учебниците за учениците од основно и средно образование се бесплатни. Членот 25 ставот 1, тоа го разјаснува уште повеќе кога вели дека на секој ученик ќе му припадне комплет учебници бесплатно. Мислам ова ќе влијае позитивно кај учениците што се однесува на расходите што ги имаат во почетокот

на учебната година кога знаеме дека значителен број на тие ученици доаѓаат од семејства кои што се социјални случаи и ова ќе биде за доброто на тие ученици и родители, односно за нивните семејства. Според тоа што го кажав можеме да констатираме дека целта на предлагачот е преку овој предлог да ја утврди процедурата за издавњето на учебниците во основното и средното образование со цел во овие два сегменти да се зголеми квалитетот на учебниците за учениците од друга страна. Исто така, се предвидуваат правила за издавањето на учебниците, изборот на учебниците да биде преку конкурс на кој што ќе можат да конкурираат разни автори за разни учебници, елиминирајќи го на овој начин сето она што може да се направи како злоупотреба во изборот на учебниците.

**Трајко Вељаноски:** Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 4 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедноците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија .

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласање.

Вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(нема никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Кој е против?(нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 66 пратеници, од нив сите 66 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 22 пратеника, сите 22 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, а кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот , молам да крене рака?( нема никој)

Дали е некој воздржан?(нема)

Кој е против?(нема)

На седницата присуствуваат 22 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 22, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за учебници за основно и средно образование.

**Минуваме на точката 6- Предлог на закон за изменување на Законот за одбрана.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Ве известувам дека согласно член 122 став 2 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поденесе амнандманит за менување на насловот на главата 17 за менување на член 168, за менување на член 169, за менување на член 170, за менување на член 171 и за додавање на три нови членови 171-а, 171-б и 171-в во членот 171 и тите се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Го повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Има збор министерот за одбрана Лазар Еленовски.

**Лазар Еленовски:**Благодарам претседателе.

Пред да биде гласањето би сакал да ја потенцирам уште еднаш важноста на одлуката која што е пред Парламентот, значи во поглед на нашето приклучување кон НАТО Алијансата. Македонија нормално е обврзана и законски да ја усогласи регулативата со земјите членки на НАТО. Еден од клучните аспекти на ова денешно усогласување е токму вградувањето на оној добро познат член 5 од Вашингтонскиот договор на НАТО во кој што се вклучува правото на индивидуална или колективна самоодбрана или оној принцип, нападот на една држава е напад на целокупната Алијанса. Значи на тој начин Македонија влегува со уште еден крупен чекор и се доближува до самата Алијанса. Значи, со вклучувањето на овој принцип во законот во поглед на дозволувањето на правото на влегување и излегување на вооружени сили на странски држави меѓутоа исто така, и влегувањето и излегувањето на македонската армија во земјите членки на НАТО се вградува еден ваков елементарен принцип и на тој начин едноставно може да кажеме дека дополнително се доближува македонскта интеграција во НАТО во поглед на нејзината институционализација.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно член 122 став 2 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Пред да преминеме на гласање ги повикувам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 76 пратеници.

Со оглед на тоа дека нема услови за гласање , односно во салата не се присутни најмалку две третини од пратениците за да може да се пристапи кон гласање, ја прекинувам седницата и дополнително ќе биде закажана затоа што останува само гласањето по оваа точка.

Исто така дополнително ќе биде закажана и Тринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија која што се однесува исто така на гласање со двотретинско мнозинство, тоа е Законот за општата управна постапка.

Значи, за Тринаесеттата и за оваа Петнаесетта седница по оваа точКа дополнително ќе бидете известени кога ќе бидат закажани седниците да се пристапи кон гласање, затоа што најмалку мора да има 80 пратеници за овозможи гласањето.

Ја прекинувам оваа седница.

Како што сте писмено известени во 17,30 часот ќе продолжиме со Шеснаесеттата седница.

(Седницата прекина во 17,08 часот)